- до 4.000 евра
- најниска камата
- минимална документација

до 60 месеци рок на отплата

- без хипотека
- исплата за 24 часа
- најмали рати

бесплатен градежен совет

**Табела на заеми**

| Рок на враќање | Заем | Месечна рата | |
|---|---|---|---|
| 36 месеци | 2.000 евра | 63,31 евра | 4.072,00 ден. |
| 36 месеци | 2.500 евра | 82,89 евра | 5.090,00 ден. |
| 36 месеци | 3.000 евра | 99,47 евра | 6.108,00 ден. |
| 36 месеци | 3.500 евра | 116,05 евра | 7.126,00 ден. |
| 36 месеци | 4.000 евра | 132, 62 евра | 8.143,00 ден. |
| 48 месеци | 2.000 евра | 52,32 евра | 3.213,00 ден. |
| 48 месеци | 2.500 евра | 65,39 евра | 4.015,00 ден. |
| 48 месеци | 3.000 евра | 78,48 евра | 4.819,00 ден. |
| 48 месеци | 3.500 евра | 91,55 евра | 5.622,00 ден. |
| 48 месеци | 4.000 евра | 104,63 евра | 6.425,00 ден. |
| 60 месеци | 2.000 евра | 43,98 евра | 2.701,00 ден. |
| 60 месеци | 2.500 евра | 54,99 евра | 3.377,00 ден. |
| 60 месеци | 3.000 евра | 65,98 евра | 4.052,00 ден. |
| 60 месеци | 3.500 евра | 76,98 евра | 4.727,00 ден. |
| 60 месеци | 4.000 евра | 87,97 евра | 5.402,00 ден. |

* Манипулативниот трошок е пресметан во ратите




**Хабитат - Македонија**
www.habitat.org.mk
тел.: 02 3061-890

**Штедилница Можности**
www.moznosti.com.mk
тел.: 02 2401-048

**Канцеларии:**
**Скопје**
тел. 02/ 2401-051
**Тетово**
тел. 044/ 334-757
**Кавадарци**
тел. 043/ 417-920
**Куманово**
тел. 031/ 437-021
**Струмица**
тел. 034/ 348-498
**Кочани**
тел. 033/ 271-650
**Велес**
тел. 043/ 221-307
**Битола**
тел. 047/ 203576
**Гостивар**
тел. 042/ 221231

**Регионална канцеларија:**
**Кичево**
тел. 045/ 221-313


Habitat for Humanity® Македонија



# Фонд за подобар дом

Кредитна линија

# Фонд за подобар дом

Хабитат - Македонија и Можности започнаа партнерство преку иновативна програма. Оваа програма воспостави кредитна линија која нуди **мали заеми** за реконструкција и реновирање на субстандардни домови.

Овие заеми се наменети за семејства кои остваруваат приход кој можат да го докажат. Браќелите треба да се во работен однос или да се занимаваат со сопствена дејност. Семејствата што аплицираат за заем не треба да имаат вкупни приходи поголеми од две просечни месечни Македонски плати.

Овие заеми се наменети за семејства што имаат за живот под нормалните т.е. живеат во услови на сиромашно домување.

Заемите можат да бидат наменети за:

- отстранување на влага
- инсталација или промена на водоводна мрежа
- инсталација или промена на електрична инсталација
- реновирање или изградба на купатила
- реконструкција на кров
- доградба или адаптација на простор за живеење и други реконструкции и реновирања за подобрување на условите на живеење

# Бесплатни стручни совети

Покрај заемите од Фондот за подобар дом Хабитат - Македонија обезбедува и стручна помош од областа на градежништвото.

За таа цел е формиран тим од стручни советодаватели чии услуги бесплатно се достапни за сите корисници на заемите од фондот.

Тимот од стручни лица бесплатно може да ви помогне во креирањето на економични, пристојни и практични решенија со кои може да се реконструираат и реновираат сиромашните домови.

Тие ќе ве запознаат со принципите за едноставно, пристојно и достапно домување и ќе ви овозможат со помош на средствата од заемите да го подигнете нивото на квалитет на вашето домување. Оваа нефинансиска услуга во форма на совет нема за цел да ви наложи готови градежни решенија, туку само да ви помогне во заедничкото решавање на субстандардните услови на живот.



Habitat for Humanity® Македонија

**Хабитат - Македонија** е невладина и непрофитна организација посветена на обезбедување едноставни, пристојни и достапни решенија за живеалишта на оние што живеат во услови на сиромаштија, без разлика на нивната етничка, полова и религиозна припадност. На тој начин Хабитат - Македонија овозможува напуштање на условите на сиромашна животна средина и подобрување на квалитетот на живот.

Хабитат - Македонија преку Фондот за подобар дом посветува особено внимание на областите што се наоѓаат надвор од главниот град Скопје. Но тоа не значи дека и следните програми ќе го исклучат главниот град. Хабитат - Македонија ќе настојува да ги подобри условите на домување на целата територија на Република Македонија.

МОЖНОСТИ

**Можности** е првата микрофинансиска институција во Македонија основана во 1996. година како хуманитарно здружение. Таа е партнер на Opportunity International, глобална микрофинансиска коалиција посветена на трансформација на животите на луѓето, семејствата и заедниците преку обезбедување на микро заеми. Штедилницата Можности обезбедува заеми за оние кои немаат пристап кон други извори на средства. Покрај седиштето во Скопје, Можности има канцеларии во седум други градови во Македонија.